**Прашање:**

Барање за пристап до информации од јавен карактер, кое се однесува на информации за вкупниот број на вработени лица во Секретаријатот за законодавство, бројот на вработени кои се на раководни односно нераководни работни места, како и бројот на вработени Роми на раководни односно нераководни работни места.

**Одговор:**

- Во Секретаријатот за законодавство во 2019 година беа вработени вкупно 25 административни службеници и еден функционер – Секретарот на Секретаријатот за законодавство, од кои 17 жени и 8 мажи.
- На раководни работни места во 2019 година беа 10 административни службеници (8 жени и 2 мажи).
- На нераководни работни места во 2019 година беа 15 административни службеници (8 жени и 6 мажи).
- Во Секретаријатот за законодавство нема вработени административни службеници од ромска националност.

**Прашање:**

Кои од мерките на Владата на Република Северна Македонија за ослободување од работа на одредени категории на граѓани сеуште важат и се во сила? И дали и кои категории на работници ослободени по мерките на Владата треба да работат од дома и да дојдат на работа 2-3 часа доколку итно бидат повикани, а кои категории на работници се целосно ослободени од работа?‘

**Одговор:**

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараните информации, а согласно член 40-а од Законот за Владата на Република Македонија Генералниот секретаријат меѓудругото остварува соработка и координација со министерствата и другите органи на државната управа и за прашањата за стратешките приоритети на Владата и посебно за спроведувањето на Рамковниот договор, ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата; оперативно ја следи и известува Владата за остварувањето на заклучоците на Владата; како и согласно член 88 став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија за следење на извршувањето на заклучоците на Владата, се грижи Генералниот секретар во соработка со државните секретари и директорите на другите органи на државната управа, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер.

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека со оглед на тоа што Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 40-а од Законот за Владата на Република Македонија Генералниот секретаријат, меѓудругото, остварува соработка и координација со министерствата и другите органи на државната управа и за прашањата за стратешките приоритети на Владата и посебно за спроведувањето на Рамковниот договор, ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата; оперативно ја следи и известува Владата за остварувањето на заклучоците на Владата; како и согласно член 88 став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија за следење на извршувањето на заклучоците на Владата, се грижи Генералниот секретар во соработка со државните секретари и директорите на другите органи на државната управа, Вашето барање е препратено на натамошно постапување до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**Прашање:**

Барање за информација од јавен карактер и тоа: Се работи за одлука за експлоатација на минерална суровина глина. Одлуката е издадена во службен весник бр. 90 од 18 јули 2012 година. На страна број 17 каде јасно се предвидени координатните точки на парцелата која се дава под експлоатација на фирмата ОРАНЖЕРИИ с.ХАМЗАЛИ Босилово на локалитет Ѓупски Рид во Ресен, ГОЛЕМИНАТА НА ПАРЦЕЛАТА Е 0.264181 КМ2. Во регистарот за склучени договори за експропријација од 2020 година стои за истата парцела за фирмата и уназад во 2019 и 2018 бидејки само во тие имав увид стори за истата ФИРМА II ЗА ИСТАТА ПАРЦЕЛА Во Ѓупски Рид ГОЛЕМИНА ОД 0.322404 КМ2 . Разликата од првата и втората одлука е 0.058223КМ2. Дозвола бр:24-5015/3, Датум 28.09.2012 Усогласен Договор 24-2321/4 и Датум 11/13/2014 Усогласен Договор 24-5734/1 Бидејки неможам да ја најдам другата одлука за ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАРЦЕЛАТА ВЕ МОЛАМ ДА МИ ДОСТАВИТЕ ОДЛУКА ВО КОЈА ЌЕ ГИ ИМА КООРДИНАТИТЕ КАДЕ Е ПРОШИРЕНА ПАРЦЕЛАТА. ВЕ МОЛАМ ДА МИ ГИ ДАДЕТЕ ЦЕЛОСНИТЕ КООРДИНАТНИ ТОЧКИ Х II У ЗА ЦЕЛОСНАТА ПРЦЕЛА ВО ИЗНОС ОД 0.322404 КМ2. ИНФОРМАЦИЈАТА ЈА БАРАМ БИДЕЈКИ Е ИСКОПАНО НЕЗАКОНСКИ МОЕ ЗЕМЈИШТЕ НА НАВЕДЕНАТА ПАРЦЕЛА.

**Одговор:**

Барање за пристап до информации од јавен карактер кое се однесува на информација за **Одлука за експлоатација на минерална суровина глина, која е објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 90 од 18 јули 2012 година. Барателот наведува дека на страна број 17 од Одлуката јасно се предвидени координатните точки на парцелата која се дава под експлоатација на фирмата ОРАНЖЕРИИ с.ХАМЗАЛИ Босилово на локалитет Ѓупски Рид во Ресен, со големина на парцела 0.264181 КМ2. Во регистарот за склучени договори за експропријација од 2020 година стои дека експлоатацијата се дава за парцела во Ѓупски Рид со големина од 0.322404 км2, и уназад во 2019 и 2018, односно се работи за истата парцела и за истата фирма. Разликата во големината на парцелата е 0.058223КМ2. Барателот исто наведува дека имал увид во: Дозвола бр:24-5015/3, Датум 28.09.2012 Усогласен Договор 24-2321/4 и Датум 11/13/2014 Усогласен Договор 24-5734/1. Со оглед дека Барателот не може да ја најде другата Одлука за проширување на парцелата бара истата да му се достави во прилог.**

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 20 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за економија, меѓудругото, ги врши работите што се однесуваат на геолошките **истражувања** и експлоатацијата на минералните суровини, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер.

Во врска со барање за пристап до информации од јавен карактер, кое се однесува на информација за Одлука за проширување на парцела за експлоатација на минерална суровина - глина, а е во врска со Одлуката за експлоатација на минерална суровина - глина, која е објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 90 од 18 јули 2012 година, Ве известуваме дека со оглед на тоа што Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 20 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за економија, меѓудругото, ги врши работите што се однесуваат на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини, Вашето барање е препратено со допис бр. _______________ од 19.03.2020 година на натамошно постапување до Министерството за економија.

**Прашање:**

Барање за информација од јавен карактер и тоа, број на непосредни спогодби за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое се наоѓа во реон 5 и реон 6 прикажани како во Табеларниот преглед на цени по кои се отуѓува градежното земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба, кој е прилог кон Уредбата за изменување на уредбата за висината на цената на градежно земјиште сопственост на Република Македонија објавена во (Сл.весник бр. 190 од 25.12.2017 година), за периодот од 01.01.2018 година до денот на кој се бара информацијата.

**Одговор:**

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 27 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за транспорт и врски, меѓудругото, ги врши работите што се однесуваат на станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер.

Во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер кое се однесува на информација за број на непосредни спогодби за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое се наоѓа во реон 5 и реон 6 прикажани како во Табеларен преглед на цени по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба, кој е прилог кон Уредбата за изменување на Уредбата за висината на цената на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/17, за периодот од 01.01.2018 година до денот на кој се бара информацијата, Ве известуваме дека со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 27 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за транспорт и врски, меѓудругото, ги врши работите што се однесуваат на станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката, Вашето барање е препратено на натамошно постапување до Министерството за транспорт и врски.

**Прашање:**

Број на изградени објекти за групно домување, категорија А3, во реон 5 и реон 6 на територија на Република Северна Македонија прикажан во Табеларен преглед на цени по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 190 од 25.12.2017 година.

**Одговор:**

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 27 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за транспорт и врски, меѓудругото, ги врши работите што се однесуваат на станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер.

**Прашање:**

Ве молам да ми одговорите која институција треба да го плати придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно членот 98 г, д, ѓ, е, ж, од Законот за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (Сл.весник на РМ бр.56 од 07.04.2015 година). Имено овој член е во колизија со членот 106 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Сл.весник на РМ бр.98/12....245/18), со кој во стаж на осигурување се смета времето поминато во задолжително осигурување под услов да е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Одговор:**

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а бараната информација се однесува на практичната примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со оглед дека Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно член 4 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, ги врши стручните, организациските, административните и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер.

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а бараната информација се однесува на практичната примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со оглед дека Министерството за труд и социјална политика, согласно член 24 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, ги врши меѓудругото работите кои се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста и пензиско-инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер.

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер кое се однесува на информацијата која институција треба да го плати придонесот за пензиското и инвалидското осигурување согласно член 98 -г, 98-д, 98-ѓ, 98-е и 98-ж од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Ве известуваме дека со оглед на тоа што Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а бараната информација се однесува на практичната примена на посочениот Закон, Вашето барање, со допис бр. ____________ од 13.02.2020 година, е препратено на натамошно

постапување до Министерството за труд и социјална политика, кое согласно член 24 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, ги врши меѓудругото и работите кои се однесуваат на  работните односи, вработувањето и вработеноста и пензиско-инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, како и до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Прашање:**

Според Одлуката за изменување на одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, број 45-10975/3, од 28.12.2019 година („Службен весник на РСМ бр.5/2020) за која Секретаријатот за законодавство има дадено позитивно мислење и со која на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му престанува времено користењето на недвижната ствар (бифе)

ДО КОЈА ГОДИНА МУ ПРЕСТАНУВА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ на Министерството, односно ДО КОЈА ГОДИНА Службата ќе има право на времено користење на недвижната ствар (бифе).

Ова прашање генерално се однесува на сите 10 одлуки за изменување на одлуки што ги има донесено Владата на 28.12.2019 година, со кои се врши измена на одлуките од 2018 година.

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Секретаријатот за законодавство Ве известува на следното:

Согласно член 2 точка 6 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, „времено користење на ствари” е користење на стварите за период до десет години;

Во Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија со број 44-871/10 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 23/18), во членот 1 е утврдено дека на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, му престанува користењето на недвижната ствар деловен простор, кој се наоѓа на ул. „Аминта Трети“ бр.2 Скопје, зграда 1, влез 1, кат приземје, КП бр. 5340/1, КО Центар 1, со површина од 69,14 м2, запишан во Имотен лист бр.106777, сопственост на Република Македонија.

Следствено на наведеното, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му престанува правото на користење на предметната недвижна ствар од денот на влегувањето во сила на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 23/18), односно од 6 февруари 2018 година.

По однос на прашањето до која година му престанува правото на користење на Министерството, со оглед дека Секретаријатот за законодавство нема увид во фактичката правна состојба на предметната недвижна ствар и по кој основ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство истата ја има стекнато и запишано со право на користење, ќе треба да се има предвид мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

Согласно членот 2 од Одлуката, недвижната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на времено користење за период од две години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука без надомест на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, што значи дека Службата има право на користење на предметната недвижна ствар од 6 февруари 2018 година за период од 2 години.

Во Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, број 45-10975/3, од 28.12.2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 5/20), во членот 1, се продолжува рокот на правото за користење на предметната недвижна ствар од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, односно истата има право на користење на предметната недвижна ствар за период од четири години, во кој период се засметува и изминатиот период од две години.

Претходно наведеното, соодветно се однесува и на останатите 10 Одлуки за изменување на Одлуките за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 5/20).